Република Северна Македонија

# ОПЕРАТИВНО - ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ

Бр. 08-128/1
22.02.2021 година

ota@ota.mk

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА НА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА

Скопје,
февруари, 2021 година


Оперативно - техничка агенција Скопје
Република Северна Македонија
ул. „Орце Николов " бр. 48
1000 Скопје
www.ota.mk

Република Северна Македонија

## ОПЕРАТИВНО - ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP
22. 02. 2021
Број / Numër: 08 936/1

OTA

Бр. 08-128/4
22.02.2021 година

ota@ota.mk

**ДО:** Собрание на Република Северна Македонија
Бул. 11 Октомври 10, 1000 Скопје

За г-дин Талат Џафери, претседател на Собранието на РСМ

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на Годишен извештај за работењето на ОТА за 2020 година

Почитувани,

Директорот на Оперативно-техничка агенција Скопје (понатаму:ОТА) усвои Годишен извештај за работењето на ОТА за 2020 година заведен во ОТА под број 08-128/1 од 22.02.2021 година.

Врз основа на член 7 од Законот на Оперативно-техничка агенција ("Службен весник на Република Македонија" бр. 71/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 – понатаму во текстот:ЗОТА), во прилог на овој допис до Собранието на Република Северна Македонија го доставувам на разгледување Годишен извештај за работењето на ОТА за 2020 година заведен во ОТА 08-128/1 од 22.02.2021 година.

Останувам на располагање на сите потребни прашања и образложенија.

**Прилог:** Годишен извештај за работењето на ОТА за 2020 година заведен во ОТА под број 08-128/1 од 22.02.2021 година.

**Со почит,**

**ДИРЕКТОР,**
**Зоран Анѓеловски**

Изработено во 2 примероци, и доставено до:
- Писарница на ОТА
- Собрание на Република Северна Македонија


Оперативно - техничка агенција Скопје
Република Северна Македонија
ул. „Орце Николов" бр. 48
1000 Скопје
www.ota.mk

# ОПЕРАТИВНО – ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Врз основа на член 7 од Законот за Оперативно-техничката агенција („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 – понатаму во текстот: ЗОТА), директорот на Оперативно-техничката агенција Скопје (во натамошниот текст – ОТА), го донесе следниот:

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА НА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Оперативно-техничката агенција е самостоен и независен државен орган, основан со Законот за Оперативно-техничката агенција, со кој закон покрај основањето на ОТА, се уредуваат и надлежностите, раководењето, правата и обврските од работен однос на работниците во ОТА, стручниот надзор и финансирањето на ОТА.

Согласно со законските одреби, директорот на ОТА го доставува за разгледување до Собранието на Република Северна Македонија овој годишен извештај за работата на ОТА за претходната 2020 година.

### II. БРОЈ НА АКТИВИРАНИ КОМУНИКАЦИИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ ОРГАНИ

Во текот на 2020 година, за потребите на овластените органи во Република Северна Македонија, ОТА технички посредуваше во:

- 475 нови активирања на мерката следење на комуникациите и
- 378 продолжувања на мерката следење на комуникациите.

### III. БРОЈ НА АКТИВИРАНИ КОМУНИКАЦИИ ЗА СЕКОЈ ОВЛАСТЕН ОРГАН ОДДЕЛНО

Од наведениот вкупен број од 475 нови активирања на мерката следење на комуникациите со техничко посредство на ОТА во 2020 година:

- 321 активирања на мерката следење на комуникациите беа за потребите на МВР и
- 68 активирања на мерката следење на комуникациите беа за потребите на Јавно обвинителство.

Од наведените 378 продолжувања на мерката следење на комуникациите со техничко посредство на ОТА во 2020 година:

- 104 продолжувања на мерката следење на комуникациите беа за потребите на МВР и
- 36 продолжувања на мерката следење на комуникациите беа за потребите на Јавно обвинителство.

## IV. СОСТОЈБА И КОНСТАТИРАНИ НАОДИ ПРИ ИЗВРШЕНИТЕ СТРУЧНИ НАДЗОРИ ОД СТРАНА НА ОТА НАД РАБОТАТА НА ОПЕРАТОРИТЕ

Во текот на 2020 година и во склоп на тековните активности за вршење на законските надлежности, Оперативно-техничката агенција во континуитет спроведуваше планиран и вонреден увид во работата на операторите сврзана со исполнување на техничките услови и применетите мерки и стандарди предвидени со закон.

Тековните проекти на ОТА за надградба на системот за следење на комуникациите и работите коишто се одвиваа за нивна реализација овозможија систематско испитување и преглед на состојбите кај мрежните елементи кои се дел од процесот на следење на комуникациите кај операторите Телеком и А1. Во рамките на споменатите активности, надлежните лица од ОТА имаа можност да ја увидат расположивата инфраструктура, исполнетоста на техничките услови и применетите мерки предвидени со закон и подзаконските акти. Согласно утврденото, доставени се побарувања до операторите за постапување и овозможување на технички услови што ги наметнува технолошкиот напредок во областа на телекомуникациите и референтните закони.

Исто така, во 2020 година направен е скрининг на состојбите и кај телекомуникациските оператори „Телекабел" и „Неотел" од аспект на капацитетноста за целосен одговор на законските обврски. Во таа смисла смисла утврдени се елементите за моменталната мрежна инфраструктура и сервиси што ги нудат помалите оператори согласно потребите за оптимизација на функционалноста за примена на посебната истражна мерка следење на комуникациите. На барање на ОТА е доставен целиот дизајн и имплементација на соодветно техничко решение за следење на сообраќајот и развојните промени кои би го афектирале процесот на следење на комуникациите. Кај помалите оператори, исто како и кај големите, беа проверени состојбите со информациската и персоналната безбедност – на ниво на исполнетост на условите превидени со закон и подзаконските акти, и беа превземени активности за нивно исполнување во целост.

## V. БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ДИСЦИПЛИНСКИ ПОСТАПКИ ЗА РАБОТНИЦИ ВО ОТА

Во текот на 2020 година во ОТА беа спроведени (завршени) вкупно 4 (четири) дисциплински постапки.

## VI. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ОТА

Финансирањето на Оперативно-техничката агенција е уредено со член 33 од ЗОТА и член 29-а од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 153/19), понатаму: ЗЕК). Согласно со ЗЕК, АЕК е должна предвидените износи утврдени во годишниот извештај за работа на АЕК за претходната календарска година усвоен од Комисијата на АЕК, да ги исплати на ОТА најдоцна до 15 април во тековната година.

Во *Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година* („Службен весник на Република Северна Македонија" број 265/2019) на Оперативно-техничката агенција и беше обезбеден вкупен буџет за 2020 година во износ од 166.802.000,00 денари од кои:

- расходи на основен буџет во износ од 93.975.000,00 денари и
- расходи од самофинансирачки активности (надоместоци од АЕК согласно со ЗЕК) во износ од 72.827.000,00 денари.

Заради прогласена пандемската епидемија од Светската здравствена организација, а заради спречување на внесување и ширење и справување со Коронавирус COVID-19, на 18.03.2020 година, со Одлука за утврдување на постоење на вондредна состојба објавена во „ Службен весник на Република Северна Македонија" бр.68/20 беше прогласена вонредна состојба на целата територија на државата. За времето на траење на вонредната состојба, Владата на РСМ во согласност со Уставот и со закон носеше уредби со законска сила кои беа директно применливи.

Владата на РСМ донесе *Уредба со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредна состојба* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.79/20). Врз основа на оваа Уредба според која Владата на РСМ одлучува за прераспределбите меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите, на предлог на Министерството за финансии, Владата РСМ донесе *Одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.97 од 09.04.2020 година. Со оваа Одлука, на Оперативно-техничката агенција расходите од одредени ставки од предвидениот буџет за 2020 година и се намалени во вкупен износ од 50.250.000,00 денари, што претставуваше намалување од 53,47% од вкупните средства кои од буџетот на РСМ и се одобрени како расходи на основен буџет за ОТА за 2020 година, односно намалување од 30,13% од вкупниот буџет на ОТА за 2020 година.

Агенцијата за електронски комуникации врз основа на *Уредба со законска сила за примена на Законот за електронските комуникации за време на вонредна состојба* („Службен весник на РСМ" бр.169/2020 од 22.06.2020 година) на 24.06.2020 година на ОТА за 2020 година и исплати износ од 64.000.000,00 денари.

# ОПЕРАТИВНО – ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Со *Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година* („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 262/20 од 04.11.2020 година) вкупниот буџет на ОТА за 2020 година беше сведен на износ од 129.352.000,00 денари од кои:

- износ од 43.825.000,00 денари се распределени како расходи на основен буџет и
- износ од 85.527.000,00 денари се распределени како расходи од самофинансирачки активности (надоместоци од АЕК согласно со ЗЕК).

Од вкупно одобрените средства во Буџетот на ОТА во 2020 година од страна на Оперативно-техничката агенција беа реализирани средства во вкупен износ од 80.934.566,00 денари, при што од средствата на основен буџет реализирани се 42.618.212,00 денари, а од самофинансирачки активности реализирани се 38.316.354,00 денари. Остатокот од средствата од расходи од самофинансирачки активности во расположлив износ според последниот извод од 49.082.632, 00 денари, согласно со член 37-б, став 6 од Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) на крајот на фискалната година се пренесуваат во наредната 2021 година.

Реализацијата на средствата на ОТА за 2020 година распределени по ставки:

| Ред.бр. | Ставка | Реализирани износи по ставки во денари |
|---|---|---|
| 1. | 401-20 | 19.669.213,00 |
| 2. | 402-20 | 9.434.557,00 |
| 3. | 420-20 | 84.794,00 |
| 4. | 421-20 | 1.725.084,00 |
| 5. | 423-20 | 299.961,00 |
| 6. | 424-20 | 19.045.576,00 |
| 7. | 425-20 | 8.866.662,00 |
| 8. | 426-20 | 1.105.009,00 |
| 9. | 480-20 | 1.635.993,00 |
| 10. | 481-20 | 537.372,00 |
| 11. | 483-20 | 0,00 |
| 12. | 485-20 | 18.530.345,00 |

VII.ОБЈАВУВАЊЕ

Овој Годишен извештај за работењето на ОТА за 2020 година се доставува за разгледување до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на февруари 2021 година и истиот се објавува на видливо место на интернет страницата на Собранието на Република Северна Македонија.

ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ

ДИРЕКТОР,

Зоран Ангеловски